Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# СЕ МОЖЕШ ДА ЗАБОРАВИШ, АМА ДАНОК НЕ!

## Годишна даночна пријава до 15-ти Март



Задолжително поднесете Годишна даночна пријава (ПДД-ГДП), доколку во 2017 година сте оствариле приходи во земјата и од странство по основ на: награди, бонуси и други надоместоци од работен однос; кирии (издавање на имот - закуп или подзакуп); авторски права и права од индустриска сопственост; дивиденди, учество во добивката и камати по заеми дадени на физички и правни лица; капитални добивки од продажба на учество во капитал и недвижен имот; добивки од лотариски игри на среќа, електронски игри на среќа, наградни игри и интерактивни игри на среќа, во износ поголем од 5.000 денари (по поединечна добивка); приходи од игри на среќа преку специјализирани странски интернет страници; приходи од интернет (пр. е-трговија, услуги извршени преку специјализирани страни, поставување на реклами на сопствени интернет страни, прогнози - дојави на типови за спортски натпревари); лични примања од странство за активности поврзани со работењето во Република Македонија; работно ангажирање во амбасада, во меѓународна организација...; и други дополнителни видови на приходи, надвор од вашата редовна плата или пензија.
Годишната даночна пријава (ПДД-ГДП) преземете ја преку веб страницата ujp.gov.mk и поднесете ја во даночните шалтери, преку пошта или електронски преку etax-fl.ujp.gov.mk

**Со цел навремено прилагодување на новиот начин на пријавување, пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход препорачуваме секој граѓанин да се регистрира на системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk**

Инфо центар 0800 33 000, 02/3253 200
е-Пошта: info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk; kontaktcentar.ujp.gov.mk